Општина Кочани
Ул. Раде Кратовче бр. 1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија
Тел. +389(0)33/274-001 • Факс. +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

# Записник

Од одржана

**Јавна расправа за нацрт – буџетот за 2024 година**

Јавната расправа се одржа на **16.10.2023 година** во **18:00 часот** во Мултикултурен центар – Кочани

На трибината присуствуваа:
1. Градоначалникот на општина Кочани – Љупчо Папазов
2. Раководител на одделение за правни и општи работи - Венцо Бојков
3. Записничар – Помлад соработник за протоколарни активности и меѓународна поддршка на Градоначалникот- Зана Наковска
4. Вработени во Општина Кочани
5. Членови на Совет на Општина Кочани
6. Претседатели на месни и урбани заедници
7. Претставници на невладин сектор
8. Граѓани на Општина Кочани
9. Претставници од медиумите

Јавната расправа ја отвори **Раководителот на одделение за правни и општи работи - Венцо Бојков** кој што ги поздрави присутните и ги информира од која област може да даваат предлози и дека истите ќе бидат евидентирани и разгледани од стручните служби во Општина Кочани и доколку има можност ќе влезат во буџетот за 2024 година и ги информира за постапката на донесување на Буџетот. Потоа **Раководителот на одделение за правни и општи работи - Венцо Бојков** му даде збор на **Градоначалникот на Општина Кочани.**

**Градоначалникот на Општина Кочани, Љупчо Папазов** ги поздрави присутните и им се заблагодари за присуството во толкав број и учеството на јавната дебата за нацрт- буџетот за 2024 година. Ги охрабри присутните да дадат предлози за буџетот за 2024 година и ги информира дека ќе се води записник од јавната расправа во кој ќе се забележат сите предлози, воедно информира дека краен рок за усвојување на развојните програми е 15 ноември.

На јавната расправа беа дадени следните предлози од присутните лица.

1. **Тоше Филиповски- жител на Општина Кочани (претставник од културата)**
- Апелира да се придонесе за подобрување на културата во градот со вклучување на млади лица кои би придонеле за градот со нови проекти;
- Да се формира Совет за култура и воедно да се изработи стратегија за културата;
- Ја образложи идејата за отворање на рок музеј во градот- каде би се чувале рок записи и рок експонати. Статусот на музејот би бил од државен карактер.

2. **Јалчн Неџипов – претставник на институтот за истражување и анализа на политики „Ромалитико“**
- Информира за спроведените акции во 2023 година со акцент на реконструкција на крак од улица „Стамен Манов“ во соработка со Општина Кочани;

- Да се асфалтира дел од улицата „Стив Наумов“ во должина од 100 метра;
- Да се формира детско катче кај место викано Споменик;
- Да се реконструира игралиштето во ОУ„Раде Кратовче“;
- Изградба на објекти за домување на лица од социјален ризик.

**3. Златко Илиев- Претседател на ДПД- Кочани**
- Информира за спроведените активности од страна на ДПД- Кочани во текот на 2023 година;
- ДПД- Кочани има потреба од теренско пикап возило.

**4. Зоранчо Георгиев- Државен просветен инспектор**
- Реконструкција на дел од улица „Тодосија Паунов“ на потегот помеѓу два кружни тека на м.в. Ило рого.

**5. Игорче Јанев- жител на село Тркање**
- Реконструкција на улица во село Тркање (наспроти фирмата Амфенол);
- Подобро функционирање на уличното осветлување во село Тркање, бидејќи често се појавуваат проблеми со истото на некои делови од селото;
- Да се асфалтираат неколку улички што сеуште се неасфалтирани во должина од 50 метри и 100 метри.

**6. Иванчо Антов- жител на Кочани**
- Да се реконструира улицата „Поп Арсов Блаже“ на потегот од ТППЕ до каналот за да се овозможи да поминува камионот што го собира сметот од пред куќите;
- Редовно да се собира сметот на улица „Поп Арсов Блаже“.

**7. Латинка Постолова- претседател на МЗ Тркање**
- Да се доврши канализационата мрежа во село Тркање;
- Реконструкција на водоводната мрежа;
- Асфалтирање на неколку неасфалтирани улици;
- Подобро функционирање на уличното осветлување во село Тркање, бидејќи често се појавуваат проблеми со истото на некои делови во селото;
- Да се постави ограда на мостот во село Тркање;
- Редовно чистење на полските патишта;
- Да се тампонира патот кај местото викано „Кантон“ , патот што ги поврзува село Тркање и село Горни Подлог.

**8. Претставник на МЗ Полаки**
- Да се асфалтира патот од м.в. Скорово до старото училиптето во село Полаки;
- Изградба на мост во близина на старото училиште во село Полаки;
- Редовно прочистување на патот кон село Полаки.

**9. Ѓорги Димитров – претставник на УЗ 1**
- Да се поставаат клупи на повеќе локации во градот;
- Пензионерите од населба Усова чешма бараат просторија каде што би се собирале пензионерите (по можност објектот на улица „Македонска“)

**10. Славеј Исајов- Претседател на УЗ 9**
- Реконструкција на улица „Бел Камен“ на потегот од улица „Ристо Симеонов“ до мостот наспроти новата градинка во населба Драчевик;
- Пробивање и асфалтирање на улица „Роза Петрова“ (прокарка), поставување на улично осветлување и канализациона и водоводна мрежа;
- Изградба на дел од улица Новопроектирана 1 во Лесна индустрија.

**11. Благој Јанев- жител на Општина Кочани**
- Да се промени локацијата на Градскиот пазар;
- Проблем со атмосферска вода од населба Бејрут, којашто за време на дождови предизвикува проблеми на улица „Бел Камен“ и „1 Мај“, да се постави решетка за акумулација на атмосферски води.

**12. Крале Спанчевски- претставник од УЗ 5**
- Да се промени локацијата на Градскиот пазар бидејќи во четвртоци доаѓа до сообраќаен метеж;
- Да се постави лежечки полицаец пред детската градинка на потегот кај Градскиот Пазар.

**13. Благица С. Стоименова- Претседател на УЗ 5**
- На ул."Боро Ловџија", кај место викано "Стара чешма", да се поправат 2 (два) потпорни ѕида, да се бетонира 120м. улица и да се опреми мини спортско катче, потребно за целиот тој дел од градот;

- На улица "Коста Рацин", кај место викано "Скала" да се бетонира 200м. улица, која ја користат 7-8 домови и која води до ридчето "Кај Скалата" , кое го користат многу наши граѓани за рекреација;

- Да се бетонира мал крак на ул."Борис Трајковски" бр.50;

- Да се уреди и прошири вековниот Градски пазар според стандардите на 21 век и вистински го заслужи името "Градски пазар";

- Да се постави видео надзор во близина на општинските добра за да недоѓа до оштетувања од страна на вандали.

**14. Благојчо Стојановски- жител на Општина Кочани**
- Реконструкција на дел од улица „Тодосија Паунов“ (на потегот кај полициската станица);
- Изработка на проектна документација за мост помеѓу улица „Лазар Андонов“ и „Вера Которка“;
- Изградба на мост помеѓу улица „Лазар Андонов“ и „Вера Которка“;
- Да се постават во ОУ„Никола Карев“ спортски реквизити за улично вежбање (на отворено).

**15. Кристина Атанасова Арсова- Претседател на ДАФ- Кочани**
- Да се формира Младински културен центар како општинска установа;
- Да се зголемат финансиските средства од Буџетот на Општина Кочани за ДАФ- Кочани за 2024 година за 40 % бидејќи поддршката од Министерство за култура е многу мала.

**16. Јане Гицов- жител во населба Драчевик**
- Да се постави ограда на каналот за водоснабдување;
- Да се постави улично осветлување на улица „Февруарски поход“;
- Да се формира детско катче на улица „Февруарски поход“.

**17. Круме Димитров- Жител на Општина Кочани**
- Асфалтирање на крак од улица „14 Бригада“.

**18. Трајче Стојов- претствник од МЗ Костин Дол**
- Да се прошири мостот во населено место Костин Дол;
- Да се изгради паркинг кај манастирот во населено место Костин Дол;
- Редовно чистење на пазарот во близина на автобуската станица.

**19. Гоце Ефтимов- претседател на МЗ Долни Подлог**
- Реконструкција на улица Маршал Тито“ во село Долни Подлог;
- Изградба на тротоар помеѓу селата Горни Подлог и Долни Подлог.

**20. Симон Стојков- жител на Општина Кочани**
- Реконструкција на дел од улица „Бел Камен“ ( од хотел Национал до улица „Ристо Симеонов“);
- Реконструкција на дел од улица „Роза Петрова“ (од раскрсница со улица „1 Мај“ до раскрсница со улица „Бел Камен“);
- Реконструкција на улица „Бел Камен“ на потегот од улица „Ристо Симеонов“ до мостот наспроти новата градинка во населба Драчевик;
- Пробивање и асфалтирање на улица „Роза Петрова“ (прокарка), поставување на улично осветлување и канализациона и водоводна мрежа.

**21. Лазо Андов- претседател на МЗ Грдовци**
- Да се чистат редовно дивите депонии во село Грдовци;
- Барање за просторија каде што ќе се собираат пензионерите од селото (ензионерско катче).

**22. Атанас Горгиев – жител од населба Усова чешма**
- Да се санираат ископите на улица „Мирче Ацев“;
- Реконструкција на патот кон село Полаки;
- Да се постави јавен тоалет во близина на Градскиот пазар.

**23. Владимир Ананијев- Претседател на УЗ 6**
- Реконструкција на крак од улица „Александар Македонски“ бидејќи е отежнат пристапот со возила;
- Изградба на потпорен ѕид на улица „Александар Македонски“;
- Реконструкција на улица „Христијан Карпош“ со спој на улица „Осоговска“,
- Реконструкција на дел од улица „Христијан Карпош“ и дел од улица „Цар Самоил“.

**24. Љубе Богатинов- претседател на МЗ Јастребник**
- Да се асфалтира патот од Брана Градче до населено место Јастребник;
- Да се санираат водоводните црева во населено место Јастребник;
- Редовно прочистување на патот кон село Јастребник.

**25. Петре Крстов- жител на село Горно Градче**
- Да се асфалтира патот од кривината на Речани викана „Лаки“ до м.в. Мирновец.

**26. Ефтимиј Атанасовски- жител на Општина Кочани**
- Да се асфалтира улица „Петровденска“ и да се постави канализациона и водоводна мрежа;
- Да се постави лежечки полицаец во близина на Градскиот Парк;
- Да се асфалтира просторот кај новите згради во близина на „Македонски Пошти“.

**27. Љупчо Бомбаширски- претседател на УЗ 8**
- Реконструкција на дел од улица „Лазар Андонов“ и спортското игралиште пред зградата;
- Изработка на проектна документација за мост помеѓу улица „Лазар Андонов“ и „Вера Которка“;
- Изградба на мост помеѓу улица „Лазар Андонов“ и „Вера Которка“;
- За време на дождови од улица „Брегалничка“ и „Лазар Андонов“ атмосферските води се слеваат кај детското игралиште, да се постави шахта во близина на кружниот тек за да не дојде до поплавување;
- Да се дислоцира барака којашто порано била занаетчиска работилница, а сега не се користи и на тоа место да се направи парк;
- На улица „Страшо Ербапче“ во близина на ЈЗУ„Општа Болница“ да се санира шахтата;
- Иѐградба и реконструкција на сливни решетки од полимер бетон.

**28. Димче Цебов- претседател на МЗ Бели (предлозите се добиени по електронски пат)**
- Поправка на канализационата мрежа и нејзино спроведување надвор од населеното место со цел превенција на ширење зараза и загрозување на животната средина;
- Активно третирање на депонијата со цел да се спречи нејзино палење;
- Реконструкција на улица „Стефан Коцев“;
- Поврзување на тротоарот со влезот на селото и негово одржување;
- Уредување на просторот околу училиштето во с.Бели;
- Доввршување на градежните активности за оградување на селските гробишта;
- Санирање на оштетувањата на улиците во селото од страна на КЈП „Водовод“;
- Решавање на проблемот со постојано паркираните возила на ул. „Страшо Ербапче“ – Кочани.

**29. Мијалчо Манчев- претседател на МЗ Горни Подлог**
- Реконструкција на улици во Горни Подлог.

**30. Тихомир Милошев – претседател на МЗ Прибачево**
- Реконструкција на улици во село Прибачево

Јавната расправа заврши во **20:00 часот**

Изработил:
Зана Наковска